СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес

# БРОШУРА

## за наставно-воспитната работа

## на Гимназијата

Велес, 2024 година

**www.gimkocoracin.edu.mk**
**www.gimkocoracin@gmail.com**

**Директор: Илија Попов**

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ГИМНАЗИЈАТА

Атрактивно, отворено, мултикултурно училиште, предводник на современите образовни процеси и стандарди, училиште кое на креативен начин ги поврзува индивидуалните потреби и стремежите на учениците со науката, културата и спортот.



Основната цел на гимназиското образование е учениците да ги развиваат индивидуалните физички и интелектуални способности, како и хуманистички, морални, естетски и граѓански вредности. Нашата Гимназија отсекогаш имала значајна улога во подготвувањето на младите за продолжување на школувањето на високообразовните институции.

Училишните програми што ги нудиме се од суштинско значење за да можат учениците да постигнат оптимален личен раст, да се здобијат со позитивни социјални вештини и вредности, да поставаат соодветни цели за лична кариера и да го сфатат својот академски потенцијал за да станат продуктивни членови на општествената заедница.

Со цел да се подобри квалитетот на образованието и да се постигнат подобри воспитно-образовни резултати, како училиште се вклучуваме во повеќе проекти: „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, „Мировно образование“, „Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата“, „Партиципација на родителите за поголема грижа на учениците“, „Магична интеркултурална мрежа на пријателство“, „Инклузивни партнерства во заедницата“, „Коалиција за медиумска писменост“, „Читај и меѓу редови“, „Патепис“, „Innovate your dreams 2019“, Програма за учење на англиски јазик ACCESS.



Успешното спроведување на Годишната програма и воспитно-образовната работа во Гимназијата е основна задача и цел на директорот, стручните соработници и предметните наставници.

Со примената на активни методи на работа и примена на информатичката технологија во наставата, наставниците во текот на наставата создаваа атмосфера која поттикнува отворена интеракција во училницата, тимска работа, а со тоа ги поттикнаа учениците критички да мислат, да чувствуваат одговорност за сопственото учење, да соработуваат со другите.

Со цел да се мотивираат учениците да постигнуваат повисоки резултати, сестрано да се ангажираат во училиштето и надвор од него, се раководевме од интерниот Правилник за пофалби и награди, според кој се избираат ученици првенци на генерација и ученик првенец на училиште.

За тоа кои сме ние, зборува нашата мисија: ***Современо технолошки опремено училиште во безбедна, доверлива и компетитивна средина, кое предводи во иновативната и квалитетна настава преку која го гарантира академскиот и општествен успех на учениците, ги подготвува за продуктивна ангажираност во глобалниот свет и низ високи стандарди и големи очекувања, ги негува и поттикнува научната љубопитност, општествената одговорност, спортските игри и културната продукција кај учениците.***

Целосниот успех во нашата Гимназија нè обврзува и понатаму да се трудиме да ја постигнеме зацртаната визија: ***Современа институција со високи воспитнообразовни стандарди, училиште за постојан развој на учениците и нивно оспособување за професиите на иднинината кои подразбираат: критичко мислење, широки знаења, аналитички и логички дух, креативна имагинација, комуникациски вештини, лидерски способности, тимска соработка и заедничко делување.***

# НАСТАВНИ ПЛАНОВИ

Наставните планови се изведуваат во форма на задолжителни предмети, изборни предмети и проектни активности.

Задолжителните предмети се заеднички и задолжителни за сите учени во гимназиското образование. Тоа што е важно и на што треба да се обрне внимание е податокот дека во нашето училиште учениците во прва и втора година ги изучуваат во континуитет истите предмети од основното образование. Единствена разлика е што во втора година учениците избираат еден изборен предмет застапен со два часа неделно и тоа: информатичка технологија, класични јазици (старогрчки, латински), елементарна алгебра и геометрија, говорење и пишување или етика.

При запишувањето во прва година, учениците имаат можност да изберат едно од трите изборни подрачја и групи: **Природно-математичко, Јазично-уметничко и Општествено-хуманистичко подрачје согласно со нивните афинитети и амбиции.**

## ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКО ПОДРАЧЈЕ

Секоја година сѐ поголем е бројот на ученици кои го Природно-математичкото подрачје (ПМА) поради атрактивноста на професиите кон кои истото ги насочува и подготвува. Во овој свет на брзорастечка технологија сѐ побарани и поатрактивни се професиите: програмер, информатичар, веб-дизајнер, графички дизајнер, градежен инженер, архитект, машински инженер, електр-оинженер за кои Гимназијата ги подготвува.

Комбинација од изборни предмети на ПМА-подрачје, ги подготвува учениците за факултетите: Електротехнички, Градежен, Архитектонски, Машински и Природно-математички (информатика, математика и физика).

ПМБ-подрачјето ги подготвува учениците да се запишат на: Медицински, Земјоделски, Ветеринарен, Технолошки и Природно-математички факултет (хемија, биологија, физика и географија). Идните доктори, фармацевти, инженери, технолози, ветеринари, лаборантски инженери, земјоделски инженери, професори по хемија, биологија, физика, се токму наши Гимназијалци.

***Изборни предмети:***

| Природно-математичко подрачје група-А | Природно-математичко подрачје група-Б |
|---|---|
| Линеарна алгебра и аналитичка геометрија – III год. | Географија – III год. |
| Алгебра – III год. | Латински јазик – III год. |
| Програмски јазици – III и IV год. | Програмски јазици – III год. |
| Математичка анализа – IV год. | Хемија – IV год. |
| Физика – IV год. | Физика – IV год. |
| | Биологија – IV год. |

## ЈАЗИЧНО-УМЕТНИЧКО ПОДРАЧЈЕ

Јазично-уметничко подрачје, група-А, им овозможува на завршените ученици поголема проодност на: Филозофски, Филолошки и Педагошки факултет. Светот не познава граници доколку се познаваат јазици. Ова подрачје овозможува изучување на англиски, германски, француски, италијански, руски и латински јазик и големи можности за перспективна иднина.

Јазично-уметничко подрачје, група-Б, им овозможува на завршените ученици поголема проодност на: Факултетот за драмски уметности, Филозофски факултет, Факултетот за ликовна и за музичка уметност. Врвни имиња на уметници, но и идните ликовни и музички ументници и актери се наши гимназијалци.

***Изборни предмети:***

| Јазично-уметничко подрачје група-А | Јазично-уметничко подрачје група-Б |
|---|---|
| Трет странски јазик – III и IV год. | Ликовна умет – III и IV год. |
| Латински ј – III и IV год. | Музичка умет – III и IV год. |
| Педагогија – III год. | Педагогија – III год. |
| Психологија – IV год. | Психологија – IV год. |
| Компаративна книжевност – IV г. | Драмска уметност – IV год. |

## ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИСТИЧКО ПОДРАЧЈЕ

Општествено-хуманистичко подрачачје, група-А, им овозможува на завршените ученици поголеми шанси да се запишат на: Економски, Правен, Филозофски и Филолошки факултет. Со изучување на правото, економијата, менаџментот и маркетингот, бизнисот и претприемништвото, нашите завршени гимназијалци станувaат просперитетни и одлични економисти, маркетинг-агенти, претприемачи, правници, адвокати, судии.

Опшрествено-хуманистичко подрачје, група-Б, им овозможува на завршените ученици поголеми шанси да се запишат на: Филозофски факултет и на педагошките факултети. Идните

филозофи, психолози, социјални работници, дефектолози, се дел од ова подрачје.

***Изборни предмети:***

| Општествено-хуманистичко подрачје група-А | Општествено-хуманистичко подрачје група-Б |
|---|---|
| Вовед во правото- III год. | Етика – III год. |
| Латински јазик – III год. | Педагогија – III год. |
| Социологија- III год. | Социологија -III и IV год. |
| Економија – IV год. | Психологија –IV год. |
| Менаџмент- IV год. | Филозофија – IV год. |
| Историја – IV год. | Историја – IV год. |
| Логика – IV год. | |

Со можностите за изучување на сите овие подрачја, учениците по завршувањето на гимназиското образование се подготвени и ја избираат државната матура, постигнувајќи успеси на истата. Со тоа им се отворени вратите за продолжување на образованието на сите факултети.

Учениците при упис во Гимназијата го изберат подрачјето во согласност со нивните желби, афинитети, амбиции за идната професија. Со изборот на подрачјето, тие ќе ги изучуваат соодветните предмети кои им даваат поголема проодност на соодветните факултети, но сепак по завршувањето на гимназиското образование сите можности за запишување на сите факултети им се отворени, што не е случај со изборот на стручното образование.

## НАСТАВЕН КАДАР И ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Што се однесува до наставниот кадар, во Гимназијата постои тим од високостручен и професионален наставен кадар, стручна служба, дефектолог и директор, кои овозможуваат квалитетни и трајни знаења, високи резултати на државна матура, учества на натпревари и проекти, отворена соработка со учениците и родителите, професионално насочување и реализирање.



Наставата се изведува во модернизирани кабинети, опремени со компјутери со интернет конекција. За таа цел се изработуваат многу проекти и се користат разни донации. Наставниците користат најсовремени методи и техники во  одлични услови за настава.

Тука е и училишната библиотека во чиј склоп функционира  и англиската библиотека.

Училиштето располага со спортска сала, фитнес-сала, отворено ракометно, кошаркарско, одбојкарско игралиште.

## КОДЕКС

## за однесување на наставникот

### I . Должности на наставникот:

- Го почитува работното време и ги реализира барањата на воспитно-образовниот процес во рамките на наставниот предмет кој го предава
- Одговорно и совесно ја реализира наставната програма
- Ја почитува личноста и достоинството на учениците, родителите и сите вработени во училиштето
- Редовно ја следи активноста и редовноста на учениците
- Го евидентира секое постигнување на учениците и секоја оценка јавно ја соопшува и образложува пред учениците
- Задолжително дежура во ходниците, според истакнат распоред за дежурство
- Промовира однос на почитување кон колегите, родителите, останатите вработени и други надворешни лица од заедницата
- Внимава на својот изглед, личната хигиена и хигиената во училиштето
- Соработува и ги усоглаусва начините, постапките и елементите за следење на учениците со останатите наставници во стручниот актив
- За успешно извршување на својата функција, ги почитува принципите на :

- ❍ хуманост
- ❍ љубезност
- ❍ отвореност и комуникативност
- ❍ љубов кон својата професија
- ❍ креативност и иницијативност
- ❍ одговорност
- ❍ доследност
- ❍ искреност

## II Одговорности на наставникот

✍ Секој наставник е одговорен да обезбеди работна атмосвера на својот час , да се грижи за безбедноста на учениците и несебично да помага во дадена ситуација

✍ Наставата ја реализира интерактивно и користи информатичко – комуникациска технологија

✍ Задолжително организира дополнителна и додатна настава

✍ Не ја користи својата професија за лични интереси

✍ Отворен е за соработка со вработените во училиштето и несебично ги пренесува своите знаења и искуства

✍ Постојано професионално се надградува и усовршува

✍ Внимава на однесувањето кон учениците – се однесува и говори на достоинствен начин

✍ Најдоследно го почитува правилникот за употреба на учебниците

✍ Подготвен е да ги прифати новините и промените во наставата и постојано врши самоевалуација на својата работа, со доза на самокритичност

## III. Права на наставникот

✍ Има право на активен придонес во работата на училиштето

✍ Да не биде изложен на мобинг

✍ Да бидат почитувани неговата личност, интегритет и човекови права

✍ Да бидат почитувани неговите права според Законот за работни односи

**КОДЕКС**

**за однесување на ученикот**

## I . Должности на ученикот:

🕮 Го чува угледот и достоинството на училиштето

🕮 Навремено и редовно ја посетува наставата

🕮 Не вклучува и не користи мобилен телефон или други уреди со слична технологија за време на часот

🕮 Ја почитува работната атмосвера на часовите и дисциплината на одморите

🕮 Ги почитува аргументите на другите и не дава непристојни коментари

🕮 Редовно и навремено ги исполнува своите должности, по секој наставен предмет

🕮 Активно учествува во реализацијата на наставниот процес

🕮 Не внесува и користи: цигари, алкохол и droги

🕮 Не внесува оружје, петарди, запалки, предмети со остри сечива или убодни предмети, со кои може да го загрози здравјето или животот на секој во училиштето

🕮 Ја почитува личноста на своите соученици, наставници и останатите вработени

**II . Одговорности на ученикот:**

🖹 Го почитува Куќниот ред на училиштето

🖹 Совесно и одговорно се однесува кон инвентарот, комјутерите и другиот вид на опрема

🖹 Секогаш се грижи за својот изглед и однесување ,формира културни и естетски навики и внимава на својот морален лик

🖹 Коректно и одговорно се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици

🖹 За време на писмени работи, тестови и испити се однесува коректно и чесно

🖹 Носи потребен прибор и материјали за целосна подготвеност на часот

🖹 Отсуството од настава поради болест, го оправдува кај класниот раководител, најдоцна до петтиот ден од отсуството со приложување на медицинска повтрда издадена од матичен лекар, а поткрепена со потврда од родител

🖹 Најдоследно го почитува правилникот за употреба на учебниците

**III. Права на ученикот:**

🗐 Секој ученик има право да биде почитуван како личност, без оглед на неговите индивидуални способности, талент, пол, раса, култура, традиција, националност, вероисповед и социјален статус

🗐 Секој ученик има право да постигне успех во воспитно – образовниот процес

🗐 Секој ученик има право да ги самооценува сопствените постигања

🗐 Има право на слобода во изразувањето, но користи примерен речник внимавајќи да не ја повреди личноста на наставникот и на своите соученици

🗐 Да не биде изложен на мобинг од било кој ученик или вработен во училиштето

🗐 Учениците со посебни потреби имаат право на соодветен третман и заштита

## ПРАВИЛНИК

### за однесување на родителот во училиштето

Мошне важен фактор за успешно изведување на воспитно-образовниот процес во училиштето е комуникацијата, размената на информации и дејствувањето на релација училиште – родител. Важноста на овој меѓусебно условен однос е неизбежен и логичен, од причина што родителите очекуваат од училиштето како институција да им овозможи сеопфатно и квалитетно образование и воспитание на нивните деца.

➲ Родителите се поканети и добредојдени да учествуваат во образовниот процес и животот во училиштето

➲ Родителот е должен редовно да доаѓа на закажана родителски средби или на индивидуални средби со предметни наставници каде ќе се информира за напредокот и поведението на своето дете

➲ При влезот на училиштето потребно е да се легитимира кај дежурните ученици

➲ За средба со класен раководител во училиштето доаѓа во деновите за прием или во договорен термин, а за индивидуална средба со предметен наставник, директор или педагошко-психолошка служба во термин предвиден за тоа

➲ Искрено, совесно и одговорно да го информира наставникот за секоја настаната ситуација во врска со ученикот

➲ Не влегува во училница за време на час

➲ Соработува со наставниците

➲ Изостанувањето на своето дете уредно го оправдува кај класниот раководител, најдоцна до петтиот ден од одсуството

➲ Со свои ставови и знаења, помага во афирмација на училиштето

➲ Родителот има право да ги знае елементите на оценување, како и начините и постапките за вреднување и оценување на секој настаевн предмет

➲ Родителот има право на увид во писмените и други оценети работи на ученикот

➲ Родителот има право на советодавен разговор со психологот или педагогот за создавање на стимулативни услови за учење во домот , како и помош за подобрување на своите родителски компетенции

➲ Родителот има право на писмена преставка ( забелешка, коментар или сугестија) до директорот, Советот на родители или Училишниот одбор доколку класниот раководител или предметен наставник одбијат да му дадат навремени и потребни информации за успехот на неговото дете

➲ Родителот во комуникација со наставниците или вработените, користи примеренен тон и речник за воспитно – образовна институција ( не вика, не навредува и сл.).

## МОТО И ПРОМОТИВНИ СЛОГАНИ

***Биди читател, биди писател, биди уметник, биди Гимназија Кочо Рацин – Велес***

***Биди безбеден, биди посебен, биди паметен , биди Гимназија Кочо Рацин – Велес***

***Создаваме љубители на знаењето, создаваме љубители на културата, создаваме идни лидери***

***Замислиси ја извонредноста: Замисли си ја Гимназија Кочо Рацин – Велес***

***Кога севели најдоброто училиште, се вели Гимназија Кочо Рацин – Велес***

***Знаењето е моќ, знаењето е сила, знаењето е Гимназија Кочо Рацин – Велес.***

***Градиме мостови за успех на секој ученик***

***Портата кон вашата иднина***

***Училиште со големи очекувања за големи постигнувања***

***Вистинско место за вашата едукација***

***Вистинско место за да се биде***

***Вистинското место за учење***

***Место каде се создаваат идните лидери***

***Мал космос на вселенски патувачи низ светот на знаењето***

***Да ја постигнеме извонредноста заедно***

***Високи стандарди, високи постигнувања***

***Да создадееме подобар свет заедно***

***Да создадеме општество на чест и традиција***

*Центар за извонредност*

*Учениците на прво место*

*Учениците пре сè*

*Посветени на изворедноста во образованието*

*Едукација, хуманост и одговорност*

*Инспирација за успех*

*Секој ученик е важен, секој момент се важи*

*Тука секој е победник*

***Очекувајте само успех***

*Најдоброто од градот за најдобрите од градот*

*Дом на квалитетната едукација*

*Денес ученици, утре лидери*

*Учење, другарство и забава*

***Најдобри, заедно!***